# СТАТИИ – ПРИЛОЗИ

П. МИЉКОВИЌ - Пепек

## НОВИ СОЗНАНИЈА ОД АНАЛИЗИ НА ГРОБОВИТЕ НА СВ. КИРИЛ СОЛУНСКИ, СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ И СВ. НАУМ ОХРИДСКИ*

Преиспитувањата на Кириловиот, Климентовиот и Наумовиот гроб имаат повеќекратни причини. Нивните гробови досега не биле посебен предмет на споредувања. Но искажани се и извесни сомневања за нивната местоположба во храмот. Потребите од продлабочени анализи во овој домен се наметнуваат и поради фактот што ни литерарните податоци не даваат одговор за сегашното место на гробот во храмот, а тоа бара неопходен коментар со нови појаснувања.

Така на пример, за Кириловиот гроб во словенскиот и латинскиот текст се вели дека се наоѓа „од десната страна на олтарот во црквата Сан Клементе“ ("ad dexteram partem altaris")[1], а за него денес главно се

*Оваа студија била изготвена во текот на 1992 година и најавувана во статијата што се печати во Зборник на Музеј на Македонија I (историја на уметност), Скопје 1993 (во печат) стр. 10, 11, како и во статијата Quatr saints non identifiés de Kurbinovo (1191) et hipothèses sur quelques exemples antérieurs et analogues en Macédonie, Byzantion, tom LXII, Bruxelles 1992, 400, n. 42. Но, претходно мораа да бидат проверени некои архитектурно - археолошки податоци во црквата Сан Клементе во Рим што е и сторено од 4 - 8 јуни 1993 гидина. Дел од резултатите на овие проверки се објавени во Нова Македонија (Скопје, 17 јуни 1993, 8) и изложени на научниот собир во манастирот Св. Наум (3 - 6 јули 1993), а тие се дополнително образложени и во оваа студија.

[1]Cf. П. А. Лавров, Материалы по истории возникновения древнейшей словянской писмености, Ленинград АН СССР 1930, 1 - 36, 39 - 66; F. Grivec, Žitija Konstantina i Metodija, Ljubljana 1951; F. Grivec i F. Tomsic in Radovi Staroslovenskog Instituta, knj. 4, Zagreb 1960; О. Неделковић, во книгата Ћирило и Методије, Београд 1964 (приредио Ђ. Трифуновић), 45 - 119; Р. Угриновска - Соколовска и Љ. Басотова, Сведоштва за Кирил и Методиј, Скопје 1989, 15 - 15 - 53.

Италската легенда, односно Римската легенда (Legenda italica) наречена Vita cum translatione s. Clementis во ракописите на Ватиканската библиотека (Cod Prag. и на Прашкиот препис (Cod. Prag. Capituli metrop. N. XXIII). Cf.Paul Meyvaert

верува дека е оној гроб што се наоѓа на левата страна на олтарот кога се гледа кон олтарот (сл. 7)[2]. Слична привидна несогласност со изворниот податок е и гробот на Св. Климент Охридски во неговата манастирска црква Св. Пантелејмон. Имено, во грчкиот текст од опширното житие стои дека гробот се наоѓа „на десната страна на предниот дел од пронаосот"[3], односно од нартексот, а тој, всушност, сега се наоѓа во предниот дел на наосот на црквата, на десната страна (гледано кон олтарот) до самиот иконостас кој бил поставен во XIV век испред трикономстасот (сл.1); ова го потврдува и декоративната иконографска програма на фреските пред триконхосот[4]. Литературниот податок, пак, за гробот на Св. Наум Охридски е најмалку прецизен, бидејќи за неговиот гроб во второто житие на Наум е само општо кажано дека се наоѓа „от деснагѡ вьск(р)іліа храма"[5], а не е прецизирано во кој десен дел во црквата и дали е тоа од олтарот или кон олтарот (сл. 2).

Потешкотиите за сигурнта идентификација несомнено произлегуваат од тоа што сите три гробови не се интактно археолошки пронајдени, туку претходно откриени, испразнети, уривани и преместени а тоа се појаснува со нивната подоцнежна историја која ги бележи настаните за транслацијата на нивните мошти во други места[6]. Меѓутоа, и во овие историски наметнати потреби за транслацијата на нивните мошти, би можело индиректно да се забележи важен и значаен податок: дека тогашните современици не случајно го избрале идентичното или сличното место (и истата страна) во новиот храм каде подоцна биле сместени, односно пренесени, нивните мошти. Така, на пример, по првото претворање на Климентовиот храм во џамија (XV в.) и подоцнежното рушење, неговите мошти биле пренесени и сместени во храмот

---

et Paul Devos, Trois enigmes cyrillo - methodiennes de la „Legend italique" résolues grâce á un document inédit, Analecta Bollandiana, t. LXXIII, 1955, 375 - 461; Исти, Autor de Leone d Ostie et sa Translatio S. Clementios, Analecta Bolloniana, t. LXXIV, 1956, 189 - 240; I Dujčev, La solution de quelque enigmes Cirilo - Methodiennes, Byzantion, XXIV, Bruxelles 1955, 303 - 307.

[2]Види н. 55.

[3]Теофилакт, Климент Охридски, София 1935, превод од грчки Александар Милев , 85 и заб. 158а. Погрешно го преведува „на предната част на олтара", а подоцна исправено - Гръцките жития на Климент Охридски , София 196, 143.

[4]Иконографската претстава на Деисизот пред влезот за триконхосот наведува на помислата дека тука бил префрлен и иконостасот во 14 век, а триконхосот служел за олтарен простор што ја потврдува и преправката за воспоставување на директна комуникација со проскомидијата, во чиј сегашен премин делумно е зачувана и декорацијата со соодветна иконографска програма.

[5]Й. Ивановъ, Български старини из Македония, София 1931, 313

[6]Се знае дека со изградувањето на горната базилика Сан Клементе моштите на св. Кирил биле префрлени во капелата посветена на св. Кирил; моштите пак на св. Климент Охридски биле префрлени во 15 век во црквата Богородица Перивалептос, а моштите на св. Наум Охридски биле прregister префрлени во новоизгадената јужна капела од 18 век (кога се стои денес пред неговиот гроб, всушност се стои врз првобитниот Наумов гроб).

Богородица Перивлептос, во предниот десен дел на наосот од црквата гледано кон олтарот и непосредно до самиот иконостас[7], слично како што овој гроб претходно се наоѓал во црквата Св. Пантелејмон од XIV век. По долга историја на пресоградувањата на Наумовиот храм, исто така, неговиот првобитен гроб археолошки е откриен празен, а моштите се префрлени во непосредна близина по изградбата на нова гробница сместена во десната капела од надворешната страна на црквата,[8] што говори дека современиците на обновувањата во XVIII век релативно го респектирале старото место на Наумовиот гроб. Слично е сторено изгледа и со моштите на Св. Кирил Солунски кои се сместени во десната капела (јужна) на горната базилика Сан Клементе, а неговиот првобитен гроб во долната базилика се наоѓал, исто така, на десната страна гледано кон олтарот а не од олтарот (за што подоцна ќе се зборува).

Низ вакви и слични анализи овде мора првин да се појаснат споменатите контраверзности кои спречуваат исцело да се разберат вистините за гробовите што тука се предмет на разгледување. Во овој поглед, како појдовна точка во одделните анализи не би требало да се земе хронолошкиот редослед на гробовите, туку примерот што е најсигурен и со литературните податоци и со археолошките наоди. А тоа е несомнено Климентовиот гроб во манастирската црква Св. Пантелејмон кон којшто, поради најнепосредни сличности, може да се приклучи и Наумовиот гроб во манастирската црква Св. Архагел крај спротивниот јужен брег на Охридското езеро[9].

Без оглед што Св. Наум умре и бил погребан (910 година) шест години порано од Св. Климент Охридски (916 година), сепак, хронолошки Климентовиот гроб е порано изграден од Наумовиот. Имено, од литерарните извори се знае со сигурност дека Св. Климент ја градел својата манастирска црква по доаѓањето во Охрид 886 година за време на владеењето на бугарскиот кнез Борис (до 889) и се до „пред целосното примање на Величката епископија" 893 година, а овој хронолошки распон меѓу 888–893) може, според мене, денес да се прецизира во релативно потесни хронолошки граници на околу 890 години[10]. Ова значи дека уште

---

[7]Cf. Д. Коцо, Нови податоци за истиријата на Климентовиот манастир св. Пантелејмон во Охрид, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 19, Скопје 1967, 245 - 255; Исти, Надгробната плоча на Климент Охридски, Материјали од научен собир во Охрид 1986, МАНУ, Скопје 1989, 279 - 284.

[8]Cf. Д. Коцо, Проучувања и археолошки ископувања на црквата на манастирот Св. Наум, Зборникот на археолошки музеј, II Скопје 1958, 56 - 80; Исти, in, Akten des XI Internationalen Byzantinisten - Kongresses (1958), Munchen 1960, 244 - 247.

[9]Д. Коцо, Климентовиот манастир св. Пантелејмон и раскопката при Имарет во Охрид, Годишен зборник на Филозофски факултет 1, Скопје, 1948, 129 - 180, особено 165 - 167, Сл. 8, 9, 12 - 13 а; Исти, Проучувања, 72 - 75, Сл . 15

[10]Cf. кај Ј. Иворов, Н. Л. Туницки, Д. Коцо и М.Ројковиќ која престрого го зема за terminus ante 889 (Спор. Византиски извори за историју народа Југославије, том I, САН, Београд 1955, стр. 301, 302, заб. 10 со литература).

пред Наумовото доаѓање во Охрид (893 г.) Св. Кимент веќе го подигнал својот храм со сопствениот гроб во него чие место било однапред одредено и изградено, бидејќи во опширното житие се вели дека Климентовото тело било погребано во гробот што „тој сам со сопствени раце си го приготвил од десната страна на предниот дел на пронаосот". [11]

И точно овој гроб и Климентовиот храм се откриени со археолошките ископувања од проф.Димче Коцо и обелоденети пред научната јавност многу одамна во 1948 година.(сл.1)[12] Уште тогаш, со неговата извонредна смисла за срдновековната археологија и особено за архитектурата на црковната градителска култура, беа дадени јасни научни формулации за резултатите на археолошките ископувања; тој доста прецизно го определил времето на изградувањето на манастирската црква, а во архитектурата мошне мудро согледал дека храмот всушност го сочинуваат две цркви- едната, триконхална, која Климент ја затекнал во урнатини и ја обновил, а другата, со неправилна правоаголна основа, која Климент ја „прибавил", „прислонил" до претходната, „или доѕидал друга црква"; потоа го открил и идентификувал празниот Климентов гроб, објаснувајќи го проблемот зошто Теофилакт кажува дека овој гроб се наоѓа во предниот дел на пронаосот = нартексот, со утврдување на фактот дека олтарот во триконхосот служел всушност „за двете цркви" и во таков случај „прибавената црква", каде се наоѓа и Климентовиот гроб , може да се нарече пронаос на првата обновена Климентова црква. [13]

Всушност, уште тогаш беше јасно,а од неодамна се потврди и со попрецизни сознанија што базираат и врз нови археолошки истражувања, [14] дека Климент го приготвил својот гроб уште при обновувањето на затечениот или полуразрушениот запуштен триконхос, а веднаш е доградена и втората Климентова црква на западна страна;тогаш за гробот е искористен само мал дел од ѕидот на нартексот на триконхосот. По овие две споени градби Климентовиот манастирски храм останал непроменет и во времето на Охридскиот архиепископ Теофилакт (околу 1088 до околу 1110/[15]),бидејќи неговиот опис на двете цркви и Климентовиот гроб сосема одговараат на архтектурните состојби. Имено,во источниот дел на самиот триконхос била сместена олтарната преграда и тука бил наосот на црквата, а нартексот во доградениот западен дел каде е сместен Климентовиот гроб,бил и тогаш значително

---

[11]Теофилакт , Климент Охридски ( А. Милев ) , 85

[12]Д. Коцо , Климентов манастир., 130 - 180, сл. 3

[13]Исти, спом. дело, 179, 180.

[14]Исти, Нови податоци, 245 - 255, сл. 1

[15]За хронологијата спор : И. Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия И, София 1924, 198 - 204 (смета дека бил од 1084 до 1108; Б. Панов, Теофилакт Охридски, Скопје 1971, 41 - 45 (смета дека бил од 1081 / 2 до 1115); д. Оболенски , Шест византиски портрети, Београд 1991, 50, 88 ( смета дека бил од 1088/9 до 1108).

поголем од наосот со своите димензии поради што Теофилакт двете градби ги претставил како две одделни цркви.[16]

Истакнувањето на овој факт има за цел да се појасни суштествениот податок дека првобитното место на Климентовиот гроб бил во Климентовиот изграден пронаос а не во пронаосот од стариот триконхос што Климент радикално го преправил, затоа што тој најверојатно не одговарал со своите мали димензии.Овој податок недвосмислено говори дека Климентовиот гроб е неразделен од двата градителски зафати што едновремено ги презел Климент врз двата дела од храмот: обновувањето на триконхосот како наос и доградувањето на правоаголниот западен дел како пронаос (нартекс) на црквата.

Меѓутоа, ако овие факти во контекст на археолошките податоци се точни, тогаш мора одново да се бара и одговор на прашањето: зошто за овие два дела на Климентовиот храм Теофилакт мошне јасно говори како за две Климентови цркви и ги опишува дека се со кружни и сферични форми? На ова прашање до неодамна не е даден никаков одговор.Иако,уште првиот истражувач, проф. Д. Коцо,придонесе да се појасни и протолкува значението на Теофилактовите зборови во житието дека Климент кон својот храм додал,прибавил, доградил „друга црква"[17] (τούτῳ δὲ καὶ ἑτέραν ἐκκλησίαν προσέθηκεν), сепак за некои научници ова остана несогледано. Така,на пример, бугарскиот научник Стамен Михајлов во навраќање на овој проблем укажува на една неприфатлива претпоставка дека во зборовите „прибавил и друга црква" може да се разбере и црква која била изградена не во самиот манастир,туку некаде блиску.[18] Точно оваа втора црква тој смета дека е новооткриената четириконхална ранохристијанска базилика,[19] исто така на Имарет и во близина на Климентовиот манастир.Ова мислење го поткрепува особено со фактот што нејзината просторност можела да одговори и на задачите кога „таа подоцна станала архиепископска катедрала."[20] Претоставката е нереална поради фактот што овој храм егзистирал само до крајот на VI или почеток на VII век. Дека Климентовиот манастир,пак, со двете опишани цркви привремено станале архиепископски катедрален храм е неспорно, но хронолошки овој настан одамна го лоцирав во времето на архиепископот Јован Дебранин, односно непосредно по прпаста на Самоиловото царство и сé до обновата на охридската црква Св. Софија од архиепископот Лав (меѓу 1018 и 1040 година).[21] Дали за вакви потреби

[16]Теофилакт , Климент Охридски., ( А. Милев ), 77, 79.

[17]Д. Коцо, Климентов манастир., 179

[18]Ст. Михайлов , Бележки за Климентовата црква „Св. Пантелеимон" в Охрид и нейния ктиторски надпис, Археология, кн. 3, София 1975, 11 - 14

[19]За неа види Д. Коцо, Археолошки проучувања во Охрид од 1959 - 1965 год., Годишен зборник на филозофски факултет, 19 ) Скопје 1967, 260 - 261.

[20]Ст. Михаилов, Бележки., 14.

[21]П. Миљковиќ - Пепек, Материјали за Македонската средновековна уметност, фреските во светилиштето на црквата св. Софија во Охрид, Зборник на археолошки музеј I, Скопје 1955, 64, 65.

од поголема просторност во олтарниот простор каде требало да заседава синодон биле извршени привремено и измени во трикохосот да се претвори целосно во олтарен простор, а пронаосот да стане наос на црквата, се уште не може да се даде сигурен одговор. Ова дотолку повеќе што во времето на Теофилакт е јасно дека Климентовиот храм го сочинувале наосот со олтар во триконхосот, а пронаосот во западниот доградон правоаголен простор.[22] Тоа значи дека во времето на Теофилакт на Климентовиот храм не била извршена измената на функцијата кај двете главни простории. Измените и извесни преправки станале сосема сигурно дури во периодот од почетокот на XIV век за што говори програмата на декорацијата од фреските пред триконхосот.[23]

Значи, од описот на Теофилакт за придодадената втора Климентова црква треба да се имаат предвид други пореални објаснувања, а не да се бара оваа црква на друго место во Охрид како што смета Стамен Михајлов. Иако во описот на Теофилакт навистина се вели дека убавината кај двете цркви ги краселе валчестите и сферичните форми,[24] сепак,придодадената црква археолошки е установено дека претставува пронаос со правоаголна основа од типот впишан крст на слободни столбови. Но точно ова треба да биде предмет на анализи за да се појасни и реалниот опис наТеофилакт за состојбите на двете цркви и Климентовиот гроб во пронаосот, какви што ги видел овој охридски архиепископ кон крајот на XI и почетокот на XII век. Имено Теофилакт, како личност со широка наобразба, теолошка ерудиција и најверојатно добро упатена во архитектурата на црковното градителство, лесно можел да забележи дека Климентовиот манастир го сочинуваат два сосема различни типови на цркви: преодниот олтарен дел со наосот како триконхален тип на црква и задниот дел на пронаосот (нартексот) со невообичаено поголеми димензии од предниот дел, како тип на впишан крст црква со слободни столбови и дури најверојатно како петкуполен храм. (сл. 1) Со оглед дека горниот изглед на овој доградон дел не беше претставен во науката, јас неодамна (1986 година) укажав на две можни претпоставки: или дека се работи за вообичаен познат пример на еднокуполен крстообразен тип црква, или пак истиот тип со петкуполен изглед[25]. И кон втората претпоставка бев повеќе наклонет, образложувајќи дека тоа било доста актуелно и хронолошки блиско на новата

---

[21] П. Миљковиќ-Пепек, Материјали за Македонската средновековна уметност, фреските во светилиштето на црквата св. Софија во Охрид, Зборник на археолошки музеј И, Скопје 1955, 64,65.

[22] Теофилакт, Климент Охридски ( А. Милев ), 84, XXII, со зборот τ ο υ Προναου ( што не го превел ).

[23] Види заб. 4

[24] Теофилакт, Климент Охридски., ( А. Милев ) 77, 79.

[25] P. Miljković - Pepek, L' architecture chretienne chez les Slaves macédoniens à partir d'avant la moitié du IX^e siécle jusqu'à la fin du XII^e siécle, The 17 th international Byzantine congress, Major Papers, Waschington 1986, 490, pl. IV; Исти, Христијанската литература кај Македонските Словени пред средина на IX век до 1018 година, Прилози од научниот собир 1100 годишнината од смртта на Методиј Солунски, МАНУ, 1985, Скопје 1988, 274, сл. 4.

цариградска традиција која се воспоставувала со петкуполниот храм на црквата Неа, изграден од византискиот император Михаило III (842-867) околу 865 година.[26] А не помалку е значаен и фактот дека ваков цариградски модел бил набргу пренесен (иако провинцијализиран) и во Македонија, во Струмичката средина, врз црквата Св. 15 Тивериополски маченици од крајот на IX или почеток на X век.[27] Порано оваа црква можеше да се смета како најстар пример во Македонија, но сега може да се каже дека тој е најверојатно трет познат пример по Климентовиот и Наумовиот храм во Охрид, па дури и дека за сите нив бил лично најзаслужен Климент Охридски.[28]

Изгледа дека точно оваа сличност на втората Климентова црква и другите споменати примери во Македонија со цариградската црква Неа од Михајло III, Теофилакт лесно ја забележал, бидејќи добро ја познавал со својот престој во Цариград уште како ученик кај Михаил Псел и како ѓакон на Цариградската катедрална црква пред доаѓањето во Охрид за архиепископ.[29] Во таков контекст Климентовата доградба тој ја разбирал како јасна одделна архитектурна структура на храм, препознатлива за христијанската градителска историја во Византија и пошироко.

Во прилог на претпоставката дека ваквиот цариградски тип црква на петкуполен храм бил пренесен во средината на Македонските Словени од Климент Охридски индиректно говори и литературниот податок од Теофилакт Охридски кој,опишувајќи ги двете Климентови цркви,вели дека тие цркви „ биле по големина многу помали од соборната,но поубави од неа со валчестите и сферичните форми.˝[30] Значи,овој опис не се однесува само за триконхалниот дел на храмот со валчестите конхи, полуцилиндричните испусти на ѓаконикот и проскомидијата и цилиндричниот тамбур на куполата, туку и за правоаголниот западен дел на храмот којшто неверојатно го краселе петте цилиндрични тамбури од куполите и сферичните нивни покривки од калоти ( сл. 5). Според ова, тешко е да се верува и да се инсистира дека основата на Климентовиот доградени западен дел морал да биде со тркалезна форма,што впрочем тоа ни Теофолакт не го тврди.

---

[26]Исти , L' architekture., 490, p. 43.

[27]Д. Коцо и П. Миљковиќ Пепек, Резултатите од археолошките ископувања во 1973 г. во црквата Св. 15 Тивериополски маченици - Струмица, Зборник на Археолошки музеј, VIII - IX, Скопје 1970, 93 - 96, сл. 1.

[28]P. Miljković - Pepk, Sur les plus anciens cultes de saints chez le Slaves Macedoniens, Resumes des communications, tom II, XVII$^{e}$ Congres Intern. des etudes byzantines, Moscou 1991, 775-776; Исти, Најстарите светителски култови во Македонија, темели за самостојноста на Самоиловата црква и автокефалноста на Охридската архиепископија, Зборник I, Музеј на Македонија, Историја на уметност, Скопје 1993 (во печат).

[29]И. Снѣгаровъ, История., 198.

[30]Теофилакт, Климент Охридски., (А. Милев), 79.

Впрочем, дека правоаголниот западен дел на Климентовата доградба бил најверојатно надвишен со пет куполи, и дека точно во предниот десен дел на овој пронаос се наоѓал гробот, најдобро се потврдува и со археолошките истражувања на манастирската црква Св. Архангели од Климентовиот собрат во монаштво и најблизок соработник во просветителството - Св. Наум Охридски. Имено, резултатите од археолошките ископувања одамна покажаа (1955 и 1956) дека Наумовиот храм, изграден околу 900 година,бил архитектурно конципиран по углед на Климентовиот храм, копирајќи ги речиси сосема двете т.н. Климентови цркви, па и самото место на Климентовиот гроб (сл.2,6).[31] Тука јасно се пренесени во една единствена целина двете Климентови градби - триконхосот во источниот дел (како наос со олтарен простор) и правоаголен во западноит дел како пронаос на храмот), најверојатно, исто така со впишан крст на слободни столбови и надвишени со пет куполи или една купола и четири слепи калоти.[32]

Што се однесува до Наумовиот гроб, тој исто така има идентично место и идентична ѕидарија со алвеола на западниот дел што се откриени со археолошките испитувања од проф. Димче Коцо во предниот дел на пронаосот, но вклопен во самиот јужен ѕид со аркосолиум. (сл. 1,2,3,4) Се разбира и овој гроб е пронајден празен поради подоцнежното префрлување на моштите во друг гроб непосредно поставен во новоизградената капела од крајот на XVIII век.[33] Без археолошки проучувања не би можело со прецизност да се установи витинското место на Наумовиот гроб, дотолку повеќе што и во единствениот литерарен податок за него (во второто Наумово житие) само општо се вели дека гробот се наоѓа „ от деснаго въск(р)іліа храма."[34]

Со моите поранешни истражувања установив дека Наумовиот храм долго време во турскиот период се наоѓал под урнатини и при неговото прво обновување (веројатно втора половина на XVI век), вистинското место на Наумовиот гроб за чудо било привремено запоставено и грбот се наоѓал надвор од новоподигнатата црква. Но по градењето на триболонот (во крајот на XVI и почеток од XVII век) веројатно се наметнала потребата од дополнителен функционален простор за надгробните церемонии и тогаш гробот бил вклопен во полуотворениот мал простор на трибилонот. А конечно дури кон крајот на XVIII веки (пред 1799), е изградена Наумовата капела во која се пренесени и моштите од вистинскиот Наумов гроб.[35]

---

[31] Д. Коцо, Проучувањата., 56-80; исти, In Acten des XI[e] intern. byz. kongresses., 244 - 247.

[32] P. Miljković - Pepek, L'architecture., 490, pl. IV; исти, Христијанската архитектура., 274, сл. 4 Исти, Некои погледи., Архив на Охрид, Охрид 1985, план на стр. 68 и 69.

[33] Д. Коцо, Проучувањата., 72 - 76; П. Миљковиќ Пепек, Некои погледи., 82.

[34] Й. Ивановъ, Български старини., 313.

[35] П. Миљковиќ - Пепек, Некои погледи., 77 - 79, 82.

Заслужува внимание да се обележи фактот дека Св. Наум, покрај угледувањето на Климентовата гробна локација во храмот, ги прифатил и Климентовите одлуки да се приготви ( „со сопствени раце´´) гробот уште за време на својот живот што е очигледно од самата ѕидарија на Наумовиот гроб кој конструктивно е поврзан со ѕидот уште со отпочнувањето на црковната градба во темелите на храмот. Паѓа в очи дека со мали архитектурни отстапувања - што не беа условувани како во случајот кај Св. Климент поради обновување на постариот затечен триконхос - Наум успеал многу поосмислено отколку Климент да ја дефинира гробната локација во предниот дел на пронаосот (нартексот); тоа е сторено со поголемиот испуст на западниот крак од триконхосот и сразмерно смален пронаос,[36] при што се чини била овозможена дури и директната комуникација на поклониците на Наумовиот гроб со наосот преку тесниот пробиен влез кај јужната конха. (сл. 1,2,5,6 )

Литерарните податоци и археолошките наоди потврдуваат дека Климентовиот и Наумовиот гроб првобитно биле поставени на идентично место во нивните храмови на десната страна во предниот дел на пронаосот (нартексот). Овој факт ги наметнува прашањата: дали е тоа само според нивна лична желба, дали во ова тие ги следеле примерите на нивните учители и конечно дали сѐ ова било одредено со општа христијанска пракса и некои обичаи? Категорички одговор на овие прашања тешко дека би можел да се даде. Ова дотолку повеќе што и покрај постоењето на некои правила и обичаи за погребувањето во цркви постоеле извесни отрстапувања и специфичности, па и измени на прописите со времето, а притоа, неспорно биле присутни и личните желби да се следат примерите на своите учители, собраќа и најблиски соработници. Меѓутоа, треба да се има предвид и фактот дека од оваа група на словенски просветители денес се располага со литерарни и археолошки податоци само за гробовите на Св. Климент и Св. Наум во Охрид и Св.Кирил во Рим. Недостасуваат археолошките сознанија за гробовите на другите (Св. Методиј Солунски, Св. Горазд, Св. Ангелари и Св. Сава, па и на 3-те светители од Св. 15 во Брегалница) со што се оневозможуваат меѓусебните споредувања. Навистина за гробот на Св. Методиј изгледа денес нешто повеќе се знае со новите археолошки ископувања, но овие резултати сеуште не се пошироко верифицирани во науката.[37] За вакви анализи, ни Кириловиот гроб не е најпогоден за споредби, бидејќи со својата ненадејна смрт во Рим тој е закопан во западната христијанска средина во која можеле да се дозволат и поинакви црковни прописи, па и да се наметнат и разни туѓи лични желби. Во тој поглед интересно е овде да потсетам на словенските

[36]Исти , план на стр. 68.

[37]J. M. Veselý, Most a cesta Domu, Rim 1990, 64 - 86, obraz 19, 20; но поинакво мислење има чешкиот археолог Зденек Кланица со ископувањата на еден гроб во Микулчице.

и латинските литерарни податоци според кои апостолскиот наместник (папата Адријан II) заповедал да се соберат со свеќи сите Грци што беа во Рим и Римјаните, за да пеат над него и да му направат погреб како што би му направиле на папата; се укажува, исто така, дека ,, наспроти римскиот обичај" папата дури ја отстапувал и својата сопствена гробница во црквата Св. Петар.[38] поради сето ова, а за потребите да се направат споредби, неопходно е претходно да се расчисти проблемот за местото на првобитниот Кирилов гроб во црквата Сан Клементе во Рим. (сл. 7)

Во вакви сложени околности извесни вистини за Кириловиот гроб, сепак можат да се откријат, бидејќи литерарните податоци се многу побогати, отколку за погребувањето на Св. Климент и Св. Наум Охридски. За Кириловото погребување и самиот гроб сместен во црквата Сан Клементе во Рим, доста опширно се говори во двата основни литерарни извори: на старословенски јазик- *Опширното житие на Св. Кирил Солунски.*[39] (пишувано веројатно од Св. Климент Охридски пред 880 година) и на латински јазик - *Легенда италика*[40] (пишувана од Гаудерик, епископ на Велетри, по 880 година и веројатно со подоцнежни мали интерполации, бидејќи во неа се користени податоците од *Опширното житие на Св. Кирил*). Од околу 1100 година потекнуваат и податоците во *опширното Климентово житие* напишано на грчки јазик од Охридскиот архиепископ Теофилакт.[41]

Важно е, пред се, што од изворите може хронолошки да се прецизира престојот во Рим на Константин - Кирил со неговиот брат и учениците. Имено, тие биле претходно поканети од папата Николај, но кога тие дошле во Рим во текот на зимата 867/868 година, нив ги пречекал новопоставениот папа Адријан II. Во текот на многумесечното престојување во Рим се извршени голем број активности: церемонијално ги предале и ги сместиле моштите на Св. Климент папа Римски, потоа им ги примиле и ги осветиле словенските книги во црквата Санта Марија Маџоре; по наредба на папата некои од учениците биле посветени во презвитери и ѓакони а Св. Методиј во свештеник;[42] била извршена литургија и се пеело на словенски јазик во црквата Св. Петар, Св. Петронила, и Св. Павле; дошло и до пореметувањето на Константиновото здравје и поради претчувствата за својата блиска смрт тој ја примил монашката схима и го зел името Кирил;[43] со ова име живеел уште цели

---

[38] О. Недељковић 117; Р. Угринова - Соколовска и Љ. Басотова, 52, 53, 81, 82. (Спор. тука n. 1)

[39] О Недељковић, 117 - 119, 238 - 239; Р. Угринова - Соколовска и Љ. Басотова, 52 - 53.

[40] Исти, 81 - 83 (види и заб. 1)

[41] Теофилакт, Климент Охридски., ( А. Милев ), 39 - 41.

[42] Од словенски извори се знае дека Методиј претходно бил монах и свештеник. Истата година или 870 се смета дека Методиј бил поставен за архиепископ на Панонија (Д . Оболенски, Шест., 22, 29).

50 дена[44] и умрел на 14 февруари 869 година, на негова 42 годишна возраст.

Во литерарните извори многу прецизно се дадени и податоците за она што се случило во седумте дена по смртта на Св. Кирил по погребувањето, за самото погребување и за кратко време по погребувањето. Имено, откако умрел Св. Кирил „папата заповедал на сите Грци што биле во Рим и на Римјаните да се соберат со свеќи и да пеат над него и да му направат погреб како што би му направиле на папата.˝ Но, Св.Методиј го замолил папата да го пренесе телото во неговиот манастир.[45] Тогаш, „папата наредил да го положат во дрвен ковчег и да го заковат со железни клинци и така да го држат седум дена, додека се готвеа за пат.˝[46] Но тогаш римските епископи, свештенството,кардиналите и благородниците го советуваа папата дека овде треба да биде погребан како чесен маж.[48] Овој совет му се допаднал на папата и предложил: „ Наспроти римскиот обичај, ќе го погребам во мојата гробница во црквата на светиот Апостол Петар.˝ По, ова брат му Св. Методиј се согласил : „ бидејќи не ми го дадовте, тогаш ако ви е драго, нека лежи во црквата Св. Климент, со кој дојде ваму.˝

„И така, *заедно со ковчегот го положија во гробница од десната страна на олтарот во црквата Свети Климент* каде тогаш почнаа да стануваат многу чуда.[49] Откако тоа го видоа Римјаните, уште повеќе почнаа да се држат за неговата светост и чест, *и откако насликаа негова икона над гробот негов*,[50] почнаа да палат свеќи над него .... ˝[51] Овој последен дел од од житието многу пократок и со поинакви податоци е изложен во Легенда италика.

Во анализата на литерарните содржини кај овие извори се

[43]Ова пошироко во житието, отколку во Италската легенда. Облекувањето во „света монашка схима˝ е највероватно големата схима, бидејќи Константин бил претходно во монашки живот со „мала схима˝ и дури запопен.

[44]По погрешка кај Теофилакт се вели дека Кирил со монашкото име живеел 10 дена.

[45]Тоа е манастирот на Олимп во Мала Азија и веровaтно ист со манастирот Поликрон каде Методиј се замонашил и подоцна станал игумен (спор. Д. Оболенски, Шест., 25).

[46]Во Италската легенда се говори дека „телото на умрениот било грижливо затворено во мермерен ковчег и запечатено со личниот печат˝ (на папата).

[48]Во Италската легенда за ова поопширно се говори.

[49]Во Италската легенда одново се кажува дека „го положиле заедно со мермерниот ковчег ˝, а не во дрвен. За чудата многу поконкретно се говори во грчкиот текст од Теофилакт во житието на Климент (прев. А. Милев, 39, 41).

[50]Овој податок најверојатно во фреско - техника, се наоѓа само во словенскиот текст (во Италската легенда за ова се молчи). Ова е воедно и најстара референца за постоење на Кирилов портрет кој ги обврзува историчарите да го бараат во црквата Сан Клементе.

[51]За палење свеќи над гробот во Италската легенда не се говори .

забележливи делумно различни податоци но и премолчувања на некои од нив што изгледа не е случајно.Така на пример, во словенскиот текст се говори за ковчег и железни клинци, а во латинскиот пак за мермерен и папски „печат"; Во првиот извор се вели дека заедно со дрвениот ковчег е положен во гробницата , а во вториот дека тоа е сторено заедно со мермерниот ковчег; Додека во словенскиот текст се говори за насликана „икона" (лик, образ, фреско-икона со портрет на Кирил) над гробот на покојникот, во латинскиот тоа се премолчува поради што оваа информација во словенската верзија е мошне драгоцена и најстара изворна референца за фреските со ликот на Св. Кирил во долната црква Сан Клементе. Во словенскиот и грчкиот текст многу пошироко се истакнуваат и чудата над гробот што се случиле по Кириловото погребување, поради што Римјаните уште повеќе почнале да му оддаваат почит и да палат свеќи.

Податокот за самото место на Кириловиот гроб во базиликата Сан Клементе е идентичен во двата литерарни извори. Во словенскиот текст стои дека *„...го положија во гробницата од десната страна на олтарот во црквата Свети Климент..."*, како и во латинскиот каде стои дека го поставиле во гробницата „...ad dexteram partem altaris ...". Меѓутоа, иако овој податок содржински е сосема прецизен, сепак, најголем дел од научниците наметнале погрешна определба на локацијата за првобитниот Кирилов гроб, внесувајќи ја оваа забуна превосходно со неисправното толкување на поимот *„десната страна"* што е, всушност, за средновековието многу покомплексен, отколку за современиците на нововековието.

За жал, изгледа уште тогаш поимот за десна или лева страна можел различно да се разбере така што во случајот со можното подоцнежно префрлување на Кириловите мошти на левата страна, истиот податок во латинскиот текст, овој пат гледано од олтарот, останал неизменет. Дека десната страна на Кириловиот гроб за средновековните источноправославни современици на Св. Кирил и Св. Методиј (кој изгледа најмногу одлучувал за десната страна гледано кон олтарот) се подразбирала онаа со гледање кон олтарот, најдобро говорат и примерите на литерарните и археолошките изворни податоци за гробовите на Св. Климент Охридски и Св. Наум Охридски што овде веќе беа разгледувани и со извесни продлабочени сознанија верифицирани. Кон нив нив денес треба да се приклучат и други литерарни и археолошки податоци , како на пример : за поставувањето на трите светителски мошти од Св. 15 Тивериополски маченици од десната страна во катедралниот епископски храм во Брегалница ок. 890 година;[52] за поставувањето на моштите на св. Ахил Лариски на десната страна во ѓакониконот на катедралниот храм

---

[52]Теофилакт, Мачеништвото на светитѣ славни 15., (превод М. Симеон), Зборник на БАН, кн. XXVII, Софи 1931, 264.

Гаврило–Родомир и Јован Владимир на десната страна во десниот кораб на базиликата св. Ахил на Преспа.[54]

Оттука произлегува и моето оправдано сомневање не само во сегашната локација на Кириловиот гроб во базиликата Сан Клементе, туку и поттик да продонесам кон изречената теза на малкумината истражувачи кои со извесни резерви претполагаат дека постои еден друг најстар лик на Св. Кирил , веројатно над неговиот првобитен гроб, во самиот олтарен простор на базиликата.

Проучувањето на овој проблем и постапноста кон откривањето на се понови сознанија имаат долга истражувачка историја. Неа овде морам, барем накусо, да ја изложам за да се појаснат патиштата низ кои се развивала научната мисла за ова прашање.

Имено, уште во минатиот век , во 1863 година, по повод 100 - годишната прослава на словенската мисија Ѓовани Де Роси меѓу првите искажал мислење дека Кириловиот гроб се наоѓа во источниот дел на северниот кораб (сл. 7)[55]; такво мислење лежело врз основа на откриените фрески со композиции за кои претполагал дека му припаѓаат на циклусот посветен на Св. Кирил, како и врз основа на податокот во Италската легенда дека Кириловиот гроб се наоѓа на десната страна од олтарот, според него, гледано од олтарот, а не кон олтарот.

Многу подоцна, во 1906 година J. Wilpert се спротивставил на мислењето од Де Роси, отфрлајќи го тврдењето дека насликаните сцени го илустрираат животот на Св. Кирил Солунски,[56] а податокот од Италската легенда за гробот смета дека се однесува на пренесувањето на реликвиите во горната црква од XII век.[57] Затоа тој предложил Кириловиот гроб да се бара во нартексот на базиликата под фреската со композицијата „ Последен суд ". Меѓутоа , во 1929 година се објавени

---

[53]N. K. Moutsopoulos, Αηασκαη τησ ϖασιλικησ τον αγιον Αχιλεν Θεσαλονικη 1969, in Annair scientifique de la faculte de Tecnologie de l Univeersite de Tessalonique, vol. IV, Thessalonique 1969, 158 - 186, Eik 37, Pin. 43 - 68; Исти, Ανακαφη της βασιλικης τον Αγιον Αχιλειον, in Annuair scientifigue de la faculte de Tecnologie de L Universite de Thessalinique, vol. V., Thesalinique 1972, 368 389; P. Miljković - Pepk, Les fresques de l eglise du Saint Achille a Prespas, Αρμος, Τιμητικος Τομος II, Θεσσαλονικης 1991, 1194, 1196, Δεςςιη 4, fig. 5.

[54]N. K. Moutsopoulos, La tombeau du tsar Samuel dans la basilique de Saint Achille a Prespas, Etudes Balkanices, n. 3, Sofia 1984, 114 - 126.

[55]G. B. De Rossi, Del sepolcro di s. Cirillo nella basilica di s. Clemente, Bulletino di archeologia christiana, I Roma 1863, 9 - 14; Исти, Prime origine del bazilica di s. Clemente, Bulletino di arch. christ. I, Roma 1863, 25 - 31, 39.

[56]J. Wilpert, Le pitteure della basilica primitiva di s. Clemente, Melanges d Archeologia et d Histoire, Eccle Francaise de Rome, 26, Rom 1906, 263 - 268, 271.

[57]Ова мислење тешко може да се прифати, бидејќи за десната страна се говори уште во најраниот извор на словенски јазик .

резултати од анализите на двата гробни наоди во нартексот, при што аргументирано е установено дека коските не му припаѓаат на Св. Кирил.[58]

За самите реликвии на Св. Кирил Солунски се изнесени нови сознанија дури во 1963 година со истражувањата на средновековните и ренесансните извори од страна на Леонард Боил.[59] Од изворите на XVI век се дознава дека реликвиите навистина биле префрлени од долната базилика во горната и тоа во олтарот на капелата посветена на Св. Кирил што била лоцирана од десната страна. Дедикацијата на оваа капела била променета 1645 година во Св. Доминик, а кога црквата требало да се сруши во 1798 отецот Леонардо Аугустини ја преместил урната со моштите на Св. Кирил. Потоа, на крајот, по долги лутања се утврди дека реликвиите биле ставени во фамилијарната капела на Палацо Матеи. Се утврди дека во тој реликвијар имало и дел ид моштите на Св. Кирил што ги открил отецот Леонард Боил.

Но без оглед на оваа долга историја за трагањето на Кириловите мошти, сепак, проблемот за самиот Кирилов гроб остана отворено прашање така што нови тези за првобитното место на Кириловиот гроб во долната базилика одново се поставуваат во 1968 година. Тогаш за првпат Ханс Белтинг покренува една можна претпоставка дека на фреската во југоисточниот дел, односно на десната страна во самиот олтарен простор на долната базилика, каде е претставена композицијата „Слегувањето Христово во пеколот˝се наоѓа и еден портрет кој веројатно би можело да го претставува, според него, и самиот Св. Кирил Солунски. Поконкретно оваа негова претпоставка, со голема резерва, вака е формулирана: надпојасната претстава на портретот во оваа композиција со есхатолошка содржина, претставува несомнено уважена личност на еден грчки свештеник и на неа треба да се гледа - смета Х. Белтинг - како на „вотивна слика˝ (funeraler Art) и ако треба да се работи за таков свештеник тој бил тогаш дојден во Рим заедно со словенскиот апостол Кирил (кој е погребан во истата црква 869 година) или пак се работи и за „самиот Кирил˝[60] (сл. 8,9 )

Подоцна Џон Озборн потикнат од претходните истражувачи , првин во 1979 а потоа и во 1981 година, се навраќа врз проблемот на споменатата фреска со портретот и на претпоставката за самото место на Кириловиот гроб.[61] Сите негови обемни образложувања овде не би можеле да се претстават, но јас ќе се обидам да укажам само на оние за кои имам и сопствени гледања или дополнувања.

---

[58]J. Wilpert et al., Per la scoperta di un sepolcro nella basilica di s. Klemente, Rivista di Archeologia Cristiana, 6, 1929, 241 - 245.

[59]L. Boyle, Constanstine - Cyril and the Basilica of San Clemente Rome, Mediaeval Studies, 26 (1964), 359 - 363.

[60]Hans Belting, Studien zur beneventanischen Malerei, Wiesbaden 1968, 239, 240, not. 24.

[61]John Osborns, Early mediaeval wall - paintings in the lower church of San Clemente, Rome, University of London 1979 (doktorska teza); Исти, The painting of the Anastasis in the lower church of San clemente, Rom: a re - ehamination of the evidence for the location of the tom. of St. Cyril, Byzation, Tom LI, Bruxelles 1981, 255 - 287.

Тој низ поголеми образложувања посочува на нови и сериозни аргументи за да ја поткрепи можната претпоставка дека на фреската веројатно се наоѓа ликот на Св. Кирил Солунски масликан над неговиот гроб – саркофаг надвиснат со мала арка. Тој смета дека рушењето на надгробниот споменик и преместувањето на саркофагот станале во XII век со напуштањето на долната базилика. Но според моите истражувања, овие настани биле многу порано, во X век и тоа изгледа прво во северниот кораб на базиликата, а подоцна во горната базилика (XII век).

Меѓутоа, во овие анализи главно се земени податоците од Италската легенда каде се говори за Кириловиот мермерен саркофаг. Јас, пак, верувам дека податоците во словенското житие не само што се постари, туку и поавтентични кога се говори за дрвениот ковчег кован со железни клинци и за самата гробница, а која веројатно била ѕидана и во која бил сместен дрвениот ковчег; за ова се говори со поголем коментар во словенскиот текст. Описот за мермерниот саркофаг во Италската легенда е изгледа подоцнежна интерполација (се чини од X век) и веројатно се однесува за настаните кога гробот бил преместен во северниот кораб, понепосредно до верниците и да може со поширока илустрација да се прикаже најважниот дел од неговиот живот за римската средина откривањето на моштите на Св. Климент папа Римски. Затоа, за мене се́ уште се неприфатливи дамнешните тврдења на J. Wilpert дека остатоците од фрески во источниот дел на северниот кораб не се однесуваат на илустрации од животот на Константин–Кирил и Св. Климент Римски на чие становиште без нови аргументи стои и Џон Озборн[62]. Изгледа дека заради овој нов настан од X век кога бил префрлен Кириловиот гроб во северниот кораб и биле насликани сцените, во Италската легенда се премолчува податокот и за насликаната Кирилова икона (лик, образ, портрет) врз гробот што е присутен само во словенскиот текст, држејќи се до првобитното место на Кириловиот гроб и неговиот пост-хумно насликан лик, веројатно по барањето и упатствата на неговиот постар брат Св. Методија, кон крајот на 869 или почетокот на 870 година (сл. 8,9).

Од анализата на словенскиот текст каде се говори за насликаната икона (лик, образ, портрет) на Св. Кирил, паѓаат во очи и поширокит е коментари за чудата и палењето на свеќите над гробот што исто така делумно го премолчува Италската легенда. За постоење на друг словенски текст со уште поопширен опис на вакви настани говори и грчкиот текст од околу 1100 година на охридскиот архиепископ Теофилакт кој веројатно го користел за нешто подетално да информира околу настанатите чуда над Кириловиот гроб.[63] Од ова произлегува дека речиси непосредно по Кириловото погребување и настанатите чуда бил

[62]Исти, The painting., 785.

[63]Теофилакт , Климент Охридски., (А. Милев), 39, 40.

воспоставен и светителскиот култ кон Св. Кирил. Во словенскиот текст се истакнува дури дека поради вакви чуда „Римјаните уште повеќе почнаа да се држат за неговата светост и чест" па според таква масовна почит со палење свеќи и понепосредниот контакт над Кириловиот првобитен гроб во олтарот, најверојатно се наметнувала и потребата уште кон крајот на IX или почетокот на X век да се пренесе гробот во поширок простор од оној во олтарот и да се приопшти неговиот култ со оној на Св. Климент папа Римски преку взаемното чествување пред гробот со илустрираниот циклус од сцени во кој се говори со поголем акцент за откривањето на Климентовите мошти на Херсон.

Џон Озборн со право истакнува во својата педантна анализа дека правоаголниот „ ореол " кај оваа насликана личност, не треба да се разбере само како пракса за живи насликани личности, туку и за портрети на покојници, укажувајќи и на некои други примери. [64]

Со ова тој оправдано го отфрла и мислењето дека овој лик во Сан Клементе е донаторски портрет.[65] Овде треба да се додаде дека слични примери на правоаголни „ореоли" се познати и во солунската средина, што значи дека не биле туѓи и за разбирањата на Методиј Солунски, веројатно како нарачувач на оваа фреска и идеен раководотел на Римскиот анонимен сликар.

Неспорно се важни и податоците од анализите на Џ. Озборн во врска со необичната покривка на главата кај оваа претставена личност што се забележува само на редок број примери во источните земји.[66] Овој иконографски елемент во облеката бил всушност и раководен предмет од истражувачите за можното идентификување на оваа личност. Меѓутоа, во овој поглед Џ. Озборн не го истакнува фактот дека таква слична покривка на глава, што рано се среќава кај Св. Кирил Александриски, била не случајна појава во подоцнежната иконографија и за честото слично претставување на Св. Кирил Солунски;[67] не помалку е значаен и фактот дека при Константиновото замонашување (примање на голема схима) тој го примил името точно на овој теолошки образован ранохристијански писател и епископ на Александрија (+ 444). Во таков

---

[64]J. Osborne, The painting., 258, 269 - 271.

[65]Исти , 272 .

[66]J. Osborne, The painting., 266 - 268. Врз овој проблем пишувал, покрај C. Mango (Materials for the Study of the Mosaics of St. Sophia at Istambul, Dum. Oaks Studies VIII 1962, 51 - 54, 61, 66 - 68, 74) и C. Walter (The Portrait of Jakov of Seress in London. Additional 39626, Zograf 7, Beograd 1977, 65 - 72).

[67]Се работи за многу подоцнежни претстави на св. Кирил филозоф со капа слична на онаа на св. Кирил Александриски, ова особено во XIV век. Спор. кај Е. Бокалова, Стенописите на црквата при село Беренде, София 1976, 15 - 16; М. Љубинковић, Одраз култа Кирила и Методија у Балканској средњевековној уметности, Симпозиум 1100 год. од смртта на Кирил Солунски (1969), МАНУ I, Скопје 1970, 123 - 130.

контекст тој исто така не случајно фигурира покрај ликот на Св. Кирил Солунски врз фреските од 1191 година во црквата Св. Ѓорѓија од с. Курбиново.[68]

Еден друг важен податок за идентификацијата на оваа личност на која Џ. Озборн недоволно обрнал внимание е, исто така, елемент од иконографска природа. Имено, очигледно е дека личноста е претставена во темно - сина монашка облека,[69] меѓутоа, таа, само како монах не можеда се претставува со украсен кодекс, односно Евангелие во раката, ако таа не била и во ранг на мисионер - проповедник, презвитер - монах, или свештеник - монах. Ова најдобро го потврдуваат некои речиси современи претстави врз фреските на Св. 15 Тивериополски маченици во Струмица од крајот на IX или почеток на X век:[70] тука, Св. Комасиј (II по ред) е претставен со евангелие во раката како монах и проповедник на тивериополските села; изгледа следниот е Св. Евсевиј (III по ред) како монах - проповедник веројатно со евангелие во раката; а слични претстави со монашка облека и евангелие во рака имаат проповедниците - презвитери Св. Теодор (VIII по ред) и Св. Никифор (IX по ред). Ако во овој поглед се доаѓа поблиску до идентификацијата на Кирил Солунски, тогаш тоа треба да се поткрепи и со некои податоци во Кириловото житие. Иако од Кириловото житие јасно се насетува краткотрајното запопување и посветување во монашкиот живот (закалуѓерен со мала схима), сепак многу позначајни во овој поглед се неговите мисионерски должности што ги извршил како проповедник меѓу Сарацените (851), Хазарите (861) и Моравјаните (863), што значи дека тој во вакво својство можел да биде претставуван и со евангелието во рака .

Значајно е што Џ. Озборн во својата студија го покренал и прашањето за можното толкување на фразата во латинскиот и словенскиот текст: *„На десната страна на олтарот ."* Кириловото погребување на десната страна на олтарот тој го појаснува со тоа што самата локација на гробот се однесува со поглед кон олтарот па дури за ова тој дава и едно поинакво можно преведување на фразата: „...на страната од десната рака на неговиот (Климентовиот) олтарот..."[71] Значи дека е многу важна самата интерпретација на фразата во двата изворни текстови, па и што значел зборот *„десно"* за средновековните писатели.

Точно е дека овој проблем е доста сложен, бидејќи долго низ средновековието тој бил предмет на расправи за што говорат дури и

---

[68] P . Miljković - Pepek, Quatr saints., 389-401; Исти, Најстарите светителски култови., Зборник на Музеј на Македонија, Истор. на уметност I, Скопје 1993 ( во печат со постара литература, 14, 16, 21).

[69] J . Osborne, The paintings., 257.

[70] Д. Коцо и П. Миљковиќ - Пепек, Резултати., 94 - 96, сл. 3-7.

[71] J. Osborne, The paintings., 232, 283 i 284.

податоците од XVII век во Руската православна црква.[72] Зборот десно или лево стана особено усложнет и поради мешањето на овој поим што значел и за ликовната уметност, бидејќи кога во прирачниците се говори дека Богородица или некои други светители се наоѓаат на десната страна од Христос, тоа за нас или за ликовниот творец треба да се однесува на левата страна од Христос.[73] Ваква позиција доаѓа оттаму што секогаш се зема централното место на Христос во смисла на литургиското чинодејствие или божја точка на гледање.[74]

Во овој поглед е интересна и традицијата на различните крстења : од десно кон лево кај православните христијани, а обратно, од лево кон десно кај католиците и монофизитите.[75] Меѓутоа, благословот упатен кон христијанинот и во двете традиции е ист: од лево на десно. Овој поредок, значи, кај католиците останува ист - и за оној што се крсти и за оној што упатува благослов. Тој непроменет поредок секогаш ја има гледната точка на божјиот посматрач.

Меѓутоа, разрешувањето на проблемот за Кириловиот гроб само со тоа што се подразбирало конкретно под поимот „десно" тешко дека може да биде апсолутна и сигурна основа.Затоа овој проблем мора прво да се разјасни со примерите на гробовите од Кириловите најблиски ученици Св. Климент и Св. Наум Охридски кои, веќе видовме, се верифицирани со литерарни податоци и со археолошки наоди. Определбата да се поставуваат гробовите на десната страна во црквата, гледано кон олтарот (или јужната страна на храмот), несомнено било и општо византиско правило кое најмногу и традиционално се задржало; а во зависност од рангот на личноста, местото на гробот било поставувано во нартексот, наосот, па дури и самиот светилишен простор или ѓакониконот. Таква традиција за сместувањето на гробовите на десната страна (јужна) во црквата се забележува моше цврсто вкоренета во Македонија низ маркантните примери од Климентовиот и Наумовиот гроб наваму.

Меѓу првите примери на гробови поставени на десната страна во храмот, современи со Климентовиот и Наумовиот во Охрид, е оној што се споменува во житието на Св. 15 Тивериополски маченици.[76] Без оглед што овие гробници и самиот храм во Брегалница се уште не се откриени

---

[72]Спор. кај B. A. Uspenski, Poetika kompozicije, Semiotika ikone, Beograd 1979, 265 - 267, 331 - 332.

[73]Исти, „Правое" и „десное" в иконописном изображеним, Зборник статей по вторичным моделирующим системом, Тарту 1973; Исти, Семиотика иконе., 264, зб. 8 265., 330 - 331.

[74]Исти, Semiotika., 331, зб. 98. Мошне занимлив е податокот за грузискиот патник од почетокот на XVIII век во римските цркви на Св. Петар и Св. Павле каде се чувал и нивниот прав. (Спор. кај Сулхан–Саба Орбелиани, Путешествие в Европу, Тбилиси 1969, 72).

[75]Исти, Semiotika, 331, заб. 99.

[76]Теофилакт, Мтченишвото. (М. Симеон)., 264.

со сигурност, сепак тешко е да се верува дека поимот за „десната страна" во овој храм имал поинакво значење од оној што го знаеле Кирило - Методиевите ученици.

Од сето ова произлегува заклучокот дека многуте гробови откриени во Македонија од IX век наваму, а кои се наоѓаат на десната страна гледано кон олтарот, несомнено и припаѓаат на општата силна византиска традиција која овде особено се вкорени, ако не со гробот од двајцата словенски прво учители, тогаш со Кириловиот гроб во Рим сосема сигурно, како и со гробовите на неговите ученици - Климент и Наум во Охрид.

Таков е случајот и со специјално изготвената гробница за сместувањето на моштите од Св. Ахил Лариски во десната страна на ѓакониконот од Самоиловиот катедрален храм на Преспа (по 986 година).[77] Таков е и случајот со тројната гробница сместена на десната страна во јужниот кораб на истиот Самоилов храм каде изгледа со право се верува дека се погребани цар Самоил (+ 6. 10. 1014), неговиот син Гаврил - Радомир со своите деца (+ 15. 09. 1015) и Самоиловиот зет Јован Владимир (+ 1015)[78] На десната страна во нарекксот (под јужен аркосолиум) е откриена и гробницата на струмичкиот епископ Мануил (+ пред 1106), основачот на манастирот Св. Богородица Милостива во с. Велјуса крај Струмица.[79]

Впрочем, слична традиција на ова општо византиско правило главно се задржало и со погребувањата на речиси сите претставници од српската династија на Немаиќи: Стефан Немања во Студеница, Стефан Дечански, царот Душан во Призрен[80] и др. Разбирливо е што покрај ова општо византиско правило биле присутни и примери кои им припаѓале и на поинакви црковни прописи за погребување на левата страна во храмот, но на нив, како исклучоци, овде не треба да се обрне внимание. Под одредени околности се среќаваат и примери на гробница во централен

---

[77] N. K. Moutsopoulos, ΑΝΑΣΚΑΦΗ., vol. IV., 158-186, Erk. 37, Πrv 2 v.43-68.

[78] Исти, La tombeau., 114, Fig. 1, 3, 5, 6, 8, 9 (prepečateno vo ΑΝΑΕΛΕΚΤΑ ΒΛΑΤΑΔΩΝ., 51, Thessaloniki 1990, 541-553)

[79] П. Миљковиќ - Пепек, Велјуса, Скопје 1981, 86, 196 црт. 10, 18, 36.

Паѓа в очи дека сите овие гробови се главно под арка или сопствен аркосолиум. Со ова се отстранува спорот меѓу Д. Поповиħ и С. Ќурчиќ дека акросолиумот е исклучиво карактеристичен за гробовите на највисокото свештенство или пак обратно повеќе за гробовите на световни лица. (Д. Поповиħ, ин ЗЛУ 21, Нови Сад 1985;- 78 - 79; С. Ђурчиħ, ин Грачаница, I Београд 19[illegible] ).

[80] М. Чанак, Једна претпоставка о Немањином надгробном споменику, Зборник Осам векова Студенице Београд 1986, 166 - 167; Д. Поповиħ, Гроб светог Симена у Студеници, Зборник Осам векова., 155 - 166; Исти, Средњовековни надгробни споменици у Студеници, Студеница и византијска уметност око 1200 године (Симпозиум 1986 - САНУ) књ. XLI, историске науке књ. 11, Београд 1988, 491 - 502, сл. 1; В. Петковиħ и Ђ. Бошковиħ, Манастир Дечани, II Београд 1941, 104 - 106;

С . Ненедовиħ, Душанова задужбина манастира Светих Арханђела код Призрена, Београд 1966, 51 - 55, сл. 60 - 62, 71.

дел од наосот како што е случај во црквата Св. 15 Тивериополски маченици во Струмица (од крајот на IX или почеток на X век.[81]

Од сите претходни анализи произлегува уверувањето дека композицијата „Слегување Христово во пекол" денес навистина претставува само скромно зачуван дел од поранешен надгробен декоративен ансамбал кој се наоѓал над ѕиданата гробница со аркосолиум во која било положено Кириловото тело со „дрвен сандак и железни клинци" по 7 дена. Од неговата смрт (по 14 февруар 869 г.), а не во „мермерен ковчег" на гробница - „Саркофаг" како што смета Џ. Озборн.[82] Неговото мислење го прифаќа и Федерико Гвадобалди кој дава дури и реконструкција на Кириловиот гроб со мермерен саркофаг.[83] Вакво мислење тие главно го темелат врз податоците од Италската легенда. Но, по моите проверки во архитектурно - археолошки поглед на овој простор од првобитниот Кирилов гроб установено е дека жлебот во ѕидот под композицијата „Симнување Христово во пеколот" не може да се поврзе со саркофагот (каква што реконструкција прави Ф. Гвадобалди), туку исклучиво со ѕидана гробница над која била поставена мермерна плоча. Поради ова значителни се и разликите во реконструкцијата на првобитниот Кирилов гроб од страна на Ф. Гвадобалди (1992)[84] и мојата направен во јули 1993.[85] (сл. 10).

Во контекстот на сите досегашни анализи останува цврсто уверувањето дека првобитниот Кирилов гроб во црквата Сан Клементе бил на десната страна гледано кон олтарот за што, се чини, конечната одлука ја донел неговиот постар брат Методиј.

Со оглед на претходните високи почести дадени од страна на папата, разбирливо било и повторното оддавање на честа Кирил да биде погребан во самиот олтар покрај телото на блажениот Климент - „чие тело, пронајдено со многу труд и настојување (Кирилово) тој го донесе овде " - се истакнува и во Италската легенда.

Ако Методиј директно не одлучил за ова почесно место на Кириловоит гроб во самиот олтар, неговото барање гробот да биде на десната страна во храмот (гледано кон олтарот) како општа византиска

---

[81] Д. Коцо и П. Миљковиќ - Пепек, Резултатите., 94; сл. 1, 2.

[82] J. Osborne, The painting., 282.

[83] F. Quidobaldi, San Clemente dei edifici romani, la basilica paleocristiana e le fasi altomedievali, San Clemente Miscellanu IV, 1, Romae 1993, 212 Tav. XIX.

[84] F. Quidobadi, San Clemente., Tav. XIX.

[85] Покрај споменатиот хоризонтален жлеб во ѕидот под фреската, за целосното согледување на ѕиданата гробница од исклучителна важност е и малиот зачуван остаток на ѕидот од тули во долниот десен агол. Стратиграфски тој припаѓа на IX век кој бил радикално преправен со ѕидот од кршен камен во XII век, како статичка потпора во изградбата на горната базилика. Со овој мал остаток од ѕидот се овозможува должината на ѕиданата гробница да изнесува сса 190 + 50 см. и да се пренесе десниот мал дел од композицијата. Мојата реконструкција на Кириловиот гроб е објавена во Културен живот бр. 2, Скопје 1993, 38.

црковна пракса денес се чини дека е неспорно поради таквата традиција која очигледно е зачувана и кај двајцата најблиски Кирилометодиеви ученици, Св. Климент и Св. Наум Охридски. Во овој поглед значајни се и примерите од времето на Самоил и по него во Македонија.

Ете, поради тоа беа неопходни овие продлабочени анализи и споредби на нивните гробови за да се откријат нови аргументирани и поцврсти научни сознанија за трите, денес единствено познати гробници од сите седум најстари и најзаслужни просветители на Словените. Но, и повеќе од тоа, преку нивното втемелување на општо словенската писменост, култура и словенска црковна богослужба, сите тие заедно израснале во духовни родители на универзалните големини - било светителски или световни.

P. MILJKOVIĆ - Pepek

S u m m a r y

## NEW FACTS FROM THE ANALYSES OF THE GRAVES OF ST. KIRIL SOLUNSKI, ST. KLIMENT OHRIDSKI AND ST. NAUM OHRIDSKI

The autor takes up to new detailed analyses of the only three nowadays preserved graves of all the most prominent seven Slavic educators. This is so because of the fact that in the science for some of them there is doubt about their location in the temple. In this sense the author proceeds from the most secure informations which are verificed both with literary and archeological findings of the Kliment's and Naum's graves both in Ohrid and of the Kiril's grave in Rome.

Before all, the author considers that the main importance of their graves location in the temple is on the right side looking towards the altar not out of altar. Considering this the author gives new argumentative informations to the assumption that the original Kiril s grave is on the right side in the altar of the church , not in the eastern part of the northern nave of the basilica San Clemente in Rome. For this the author gives his reconstruction of the original Kiril's grave and he points out to the assurance that there is the oldest painted portrait of St. Kiril Solunski - a fresco icon of 869 / 70.





Сл. 1. Основа на Климентовата црква Св . Пантелејмон во Охрид со гробот

Сл. 2. Основа на Наумовата црква Св. Архангели крај Охрид со гробот



Сл. 3. Реконструкција на Климентовиот гроб



Сл. 4. Реконстукција на Наумовиот гроб



Сл. 5. Реконструкција на надворешниот изглед на Климентовата црква



Сл. 6. Реконструкција на надворешниот изглед на Наумовата црква




Сл. 7. Источен дел на базиликата Сан Клементе во Рим : А чесната трпеза каде се сместени моштите на Св. Климент Римски; Б. првобитниот гроб на Св. Кирил Солунски; В. пренесувањето на Кириловиот гроб во X век



Сл. 8. Фреска Симнување Нристово во пеколот со ликот на Св. Кирил Солунски над првобитниот Кирилов гроб



Сл. 9. Детал ид фреската, постхумен портрет на Св. Кирил Солунски од 869 / 870



Сл. 10. Реконструкција на првобитниот Кирилов гроб, веровантно оплатен со мермерни плочи 869 / 870 година



Сл. 11. Фреска Портретот на Кирил Солунски над неговиот првоботен гроб во црквата Сан Клементе во Рим од 869 / 70 година